Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 10-1057/3
7.6 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Одлуката за распишување конкурс бр. 12-276/3 од 15.02.2019 година и одредбите од Правилникот за начинот и критриумите за распределба на средствата од Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студентски стипендии бр. 12-276/2 од 15.2.2019 година, деканот на Природно-математичкиот факултет во Скопје распишува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за доделување 5 (ПЕТ) стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на редовни студенти на Природно-математичкиот факултет во Скопје**

Фондацијата „Атанас Близнакоф" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје доделува 5 (пет) стипендии на редовни студенти запишани на прв циклус студии на студиските програми на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

1. Право да конкурираат имаат студентите кои:
   - се редовни студенти
   - го имаат завршено најмалку вториот семестар и имаат запишано најмалку трет семестар во учебната 2018/2019 година;
   - кои ги положиле сите предвидени предмети со студиската програма од запишувањето на студиите, заклучно со септемврискиот испитен рок во 2018 година, без презапишување на семестар/предмет;
   - имаат постигнато просечен успех од I-та до тековната запишана студиска година од најмалку 7.50;
   - да не се корисници на друга стипендија или кредит.

2. Висината на стипендијата изнесува 6.000,00 денари месечно.

3. Правото на користење на стипендијата трае доколку редовно се исполнуваат условите заклучно со завршувањето на студиите од првиот циклус. Право на стипендија немаат кандидатите кои што не напредувале редовно во повисок семестар.

4. <u>*Потребни документи:*</u>

- Пријава (*образец бр. 1*);
- биографија (CV);
- уверение за редовно запишани семестри, од почетокот (првиот семестар) на студиите;
- потврда од факултетот дека се положени сите предвидени предмети, заклучно со септемврискиот испитен рок, без презапишување на семестар;
- уверение со бројот на предвидените и положените испити од претходните семестри;
- потврди за остварена плата на вработените членови на семејството за последната исплатена плата за оваа година, односно за пензионираните членови на семејството, да се достави документ за висината на пензијата - чек; за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или од друга институција;
- уверение од Управата за јавни приходи, за остварени приходи по разни основи за претходната година за двајцата родители – старатели на кандидатот, поединечно и за самиот кандидат;
- изјава од кандидатот дека не е корисник на друга стипендија (*образец бр. 2*);

- изјава од кандидатот за вистинитоста на доставените документи и податоци (*образец бр. 3*);
- изјава за согласност за обработка и користење на личните податоци на кандидатот и неговото потесно семејство и за бројност на неговото потесно семејство (*образец бр. 4 и образец 5*).

Потребните документи кон пријавата на Конкурсот се доставуваат во копија.

5. Правата и обврските на добитниците на стипендијата ќе се утврдат со договор. Стипендијата ќе се продолжува секој семестар под услов, начин и постапка утврдени во договорот за доделување на стипендијата.

6. Пријавите, со потребната документација, се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Конкурсот на огласната табла на Факултетот и веб страницата на факултетот, односно од 7.6.2019г.

Документите се поднесуваат во Архивата на Природно-математичкиот факултет во Скопје, или по пошта, на следнава адреса:

Природно-математички факултет во Скопје
(за Конкурсот за доделување стипендии од Фондацијата „Атанас Близнакоф“)
Ул. Архимедова бр. 3, 1000 Скопје

**ДЕКАН**

**Проф. д-р Ицко Ѓоргоски**